**Година 2005, јуни, број 36**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

---

## УПИС

Во тек е уписот на нови студенти. Веќе се гледаат резултатите од промотивните и останати активност. Само вчера, 29.06.2005, прв ден од пријаву-вањето, се пријавија **215** на академските и **60** кандидати на професионалните студии. Да се надеваме дека денеска бројот ќе биде уште поголем.

Тие со својот број и интерес силно ќе влијаат врз работата на МФ во иднина. Да им покажеме дека сме тука заради нив.

## ПОДГОТВИТЕЛНА НАСТАВА

Во тек на месец јуни се организира бесплатна подготвителна настава за кандидатите за упис на МФС по предметите математика, физика, техничка механика и информатика. Наставата се одвива во два термина и е посетена од околу 180 кандидати.

## ТРЕНИНГ ЦЕНТАР

На ден 20.06.2005, претседателот на Р. Македонија, Бранко Црвен-ковски во новата зграда на МФС, свечено го пушти во употреба AXIS Production & Authorized Training Center. На отварањето поздравен говор одржаа преставник од AXIS, деканот на МФС, претседателот на Р. Македонија и директорот на УСАИД, Дик Голдман.




Центарот ќе пружа обуки од областа на анимацијата, филмот, изра-ботка на игри, симулации, итн.

## ПОСЕТА

На ден 21.06.2005, МФС го посетија, претставници од Германската ректорска конференција и универзитетот во Нинберг. Делегацијата пројави интерес за иновираните професионални и академски студии на МФС, како и за активностите во правец на развој на инкубаторскиот центар.

## ГОЛЕМА ЗАБАВА НА МФС

На ден 17.06.2005, на паркингот на МФС се одржа голема забава по повод завршувањето на I студии по европскиот кредит трансфер систем. Водител на забавата беше Драгана, студентка на ФДУ. На забавата со ослободување од партици-пација беше награден најдобриот студент од прва година, Дејан Алексов со просек 10.00.



Двајца матуранти беа наградени со бесплатен упис на МФС и беа доделени 10 маички. Потоа во живо настапија бендовите: „Juke Joint Express", „Denny Te Chuva" i „Dedicated For Life" како и DJ Fluid i Midiclorion. Забавата заврши на полноќ.

## ИНФО ЧАС

На ден 07.06.2005 се одржа средба на деканот, продеканот за настава, менто-рите и членовите на комисијата за следење на успехот со студентите од прва година со цел информирање за правилата за студирање во согласност со ЕКТС.

## НОВА УЧИЛНА

Училницата 309 е пуштена во употреба. Таа комплетно е реновирана. Поставени се нови клупи, соодветна инсталација како и нови компјутери.

## КОНВЕНЦИЈА

Со цел поголем публицитет на Конвенцијата против дискриминација во образованието усвоена од УНЕСКО и државните потписнички (меѓу кои е и Ма-кедонија), Ректоратот достави примерок кој е на увид кај Секретарот на МФС.

## СПОРТ

Тимот на САС учествуваше на ридско брзинската трка од шампионатот во автомобилизам на Македонија одржана во Скопје, на Водно и го освои 11-тото место од 30 натпреварувачи.

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р Добре Рунчев, на 27 и 28 мај 2005 зема учество на Конфе-ренцијата за реорганизација на студиите по машинство што се одржа во Бања Лука, Р.Српска.

2. Проф. д-р Александар Мојсовски, оствари патување во Грција од 30 мај до 3 јуни 2005 заради реализирање на обврски по научно-истражувачкиот проект бр.03-2628/1.

3. Доц. д-р Никола Тунески од 6 до 8 мај 2005, учетвуваше на меѓународната конференција од математиката во Оточец, Словенија.

4. Проф. д-р Драги Данев, проф. д-р Милан Ќосевски, проф. д-р Славе Јакимовски, асс. м-р Игор Ѓурков, асс. м-р Дарко Данев и пом. асс. Кристина Јакимовска од 29 мај до 2 Јуни 2005, со сопствени трудови земаа учество на Европскиот автомобилистички конгрес што се одржа во Белград, СЦГ.

5. Проф. д-р Предраг Поповски и асс. м-р Зоран Марков учествуваа на конференцијата за одржлив развој на енергија, вода и системи на животна околина која се одржа во Дубровник од 5 до 10 јуни.

6. Проф. д-р Атанаско Тунески, со сопствен реферат учествуваше на Меѓународната конференција EcoIst која се одржа во Белград, СЦГ од 1 до 4.06.2005.

7. Проф. д-р Татјана Кандикјан на ден 9 јуни 2005 во Белград учествуваше на CATIA - ден.

8. Проф. д-р Миколај Кузиновски од 20 јуни до 1 јули реализира службено патување во Полска со цел продолжување на активностите за реализација на заеднички научно-истражувачки проект со Институтот за технологија на машини и автома-тизација при Вроцлавската политехника.

9. Проф. д-р Тодор Давчев од 31 мај до 3 јуни 2005 учествуваше како гостин на Меѓународниот натпревар "Автомеханичар", Словачка по покана од ДАСУ "Боро Петрушевски" од Скопје.

10. Проф. д-р Славе Јакимовски, проф. д-р Тодор Давчев и пом.асс. Кристина Јакимовска, на 16 и 17.06.2005 учествуваа со сопствени реферати на Советување за одржување на машини и опрема кое се одржи во Белград, СЦГ.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**30.06.2005**
**9 СЕДНИЦА НА ННС**

**ПРВ УПИСЕН РОК**

***Пријавување:***
***29-30.06.2005***

***Приемни испити:***
***Математика***
***04.07.2005***

***Физика, Техничка механика и јакост или Информатика***
***07.07.2005***

***Решение за прием:***
***12.07.2005***

**14.07.2005**
**10 СЕДНИЦА НА ННС**

**Техничко уредување:**

*Тони Манцуковски*
*Борис Рошков*